Во согласност со Законот за стопански комори, Собранието на СТОПАНСКА КОМОРА-”ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА”, на ден 14.07.2004. го усвои следниот:

# СТАТУТ НА СТОПАНСКА КОМОРА – “ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА”

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

СТОПАНСКА КОМОРА – “ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА” (во понатамошниот текст Комора) е самостојна, нзвисна, неполитичка и непрофитна организација чија основна цел е поврзување на своите членови и стопанството како целина во рамките на разни форми на пазарно организирање со цел подобрување на стопанската политика и ситем во државата. Основна задача на комората е да се грижи за застапување и заштита на интересите на стопанските субјекти кои се нејзини членови, како и унапредување на стручните деловни обичаи и норми на територија на Република Македонија.

### Член 2

Членови на комората се стопански субјекти кои во соодветен регистер имаат регистрирана стопанска дејност- трговија .

### Член 3

Со овој Статут се уредува делокругот на работа, организацијата и работата на СТОПАНСКА КОМОРА – “ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА”, односно се обликува правилникот и активностите на комората, надлежностите и начините на функционирање на органите и формите на учество, нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, начинот и постапката за прием, упис и бришење членовите на комората, финансирање на Комората и други прашања.

### Член 4

Називот на Комората е: СТОПАНСКА КОМОРА – “ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА” со скратен назив “ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА”.

### Член 5

Комората има својство на правно лице и за своите обврски Комората одговара со целиот свој имот.

**Член 6**

Седиштето на Комората е во Скопје, ул.Прашка бр.23.

**Член 7**

Комората има печат и штембил.
Печатот на Комората има тркалезна форма со пречник од 3см., во чија внарешна страна полукружно е испишано: “ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА”.Штембилот е со правоаголна форма и на него е испишано: ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА и празен простор за број и датум на актот што се прима или испраќа.

**Член 8**

Комората, врз основа на одлука на Собранието на Комората, а во согласност член 7 став 2 од Законот за стопански комори, зарди унапредување на својата работа и активности, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, како и остварување на други прашања од заеднички интерес ќе стапи во Сојуз со други стопански комори на територија на Република Македонија, или друг облик на здружување и поврзување.

Комората, врз основа на одлука на Собранието на Комората, може да членува и во меѓународни организации и други правни асоцијации и здруженија во земјата и во странство.

Комората активира дополнителни иницјативи и форми на соработка со други стопански комори во мрежна форма, без ограничување на териториjална блискост за да одговори на потребите на своите членови.

**ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА**

**Член 9**

Комората ги има следните задачи:

- Застапување, усогласување и заштита на заедничките интереси на нејзините членки пред државните органи;
- Подобрување на резултатите на работењето на членовите на комората;
- Обезбедување на стручна помош и други деловни услуги на своите членови
- Учество во обликување на стопанскиот систем и мерките на економската политика;
- Утврдување и негување на добрите деловни обичаи, развивање на деловниот морал и утврдување на правила на однесување на своите членови во меѓусебните односи и односите со трети лица;
- Учество во процесот на преструктурирање на стопанството;
- Развивање на претприемачки иницијативи;

- Промоција на македонското стопанство во странство и воспоставување на врски помеѓу деловниот свет и Македонија;
- Потикнување на истражувања и иновации;
- Деловно образование и усовршување;
- Воспоставување на заеднички информативен систем;
- Информирање на своите членови за специфичните правни и економски пазарни правила на одредени држави;
- Стручна помош и анализа на одредени деловни проекти и потфати
- Учество во колективни спогодби и заговарње на заеднички настапи на членовите на комората
- Делување како потпора (помош) на пазарните активности на фирмите
- Различни облици на подобрување на стопанските односи со странство
- Вршење на други работи во интерсе на своите членови

**Член 10**

Комората подеднакво ги застапува интересите на сите нејзини членови. Сите членови на Комората имаат можност еднакво да ги излагаат нивните специфични интереси како внатре во комората во однос на државата, така и во Странство.

**Член 11**

Комората извршува и активности насочени кон забрана на угнетувачки клаузули и контрола на неправедни клаузули во договорите.

Комората промовира изготвување и примена на типичен (модел) договор.

Комората именува приватни тужители за споровите кои се однесуваат на кривични дела од јавната економија, индустријата, трговијата и врши активности за репресија на нелојалната конкуренција и монополската положба на поедини структури.

**Член 12**

Работата на комората е јавна. Јавноста на комората се обезбедува со постојано информирање на своите членови за работата на комората, објавување на одлуките на органите на комората преку издавање на брошури, весници списанија и сл., како и информирање преку своја стручна служба наменета за јавно информирање.

Комората својата активност ја води според принципот на слободна економска иницјатива, слободна конкуренција, авторегулирање на пазарот, заштита и достоинствено работење.

Комората своето дејствување го насочува кон принципите за квалитет и транспаретност, ефикасност, економичност и ефикасност фаворизирајќи го учеството на членовите. Со таа цел органите и канцелариите на Комората обезбедуваат распространетост дури и

преку мрежите на информатика на документи на комората како што е статутот, правилниците и другите акти за кои се смета дека се од особен интерес за фирмите и пазарот.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА

### Член 13

Членовите на комората ги имаат следниве права, обврски и одговорности:

- Активни и пасивни гласачки права во органите на Комората;
- Давање на предлози за подготовка на разни акти,;
- Давање на предлози за изработка на деловни проекти;
- Право на употребување на услугите- кои ги дава комората;
- Право на информирање на разни прашања од обласа на комората;
- Учествување во и проекти во рамките на комората и надвор од неа
- Изнесување на меѓусебните спорови и случаите на повреда на добрите деловни обичаи, етика и морал пред судот на честа при Комората
- Посредување во разрешување на спорови од обласа на стопанството
- Учествување во обезбедување на средства за потребни за работа на коморита
- Плаќање на коморски уписен влог;
- Редовно плаќање на членарина;

## ОРГАНИ И ТЕЛА НА КОМОРАТА

### Член 14

Органи на Комората се: Собрание; Управен одбор; Надзорен одбор, Претседател, потпретседател и секретар.

**1. Собрание на Комората**

### Член 15

Собранието е највисок орган на Комората. Собранието го сочинуваат претставници избрани од членовите на Комората. Во моментот на основање на комората сите основачи на комората се претставници на собранието.

Мандатот на претставниците е четири години, со можност за повторен избор.

Бројот на претставници во Собранието ќе се движи од 50-90 во зависност од бројот на членовите на комората. Начинот на избор на

престставници на комората ќе биде утврден со посебен акт на Собранието на комората.

Бројот на претставниците во Собранието, се утврдува согласно ст 3 од овој член заклучно со први јануари во годината во која престанува мандатот на избраните претставници.

Одлуката од ст.4 на овој член ја донесува Управниот одбор . Претставниците во Собранието на комората се избираат најдоцна шеесет дена пред истекот на мандатот на претходно избраните претставници.

**Член 16**

Собранието на Комората работи на седници. Седниците на Собранието ги свикува и води претседателот на комората

**Член 17**

Седница на Собранието се одржува најмалку два пати годишно, во последната сабота од месец октомври и месец април .

Собранието задолжително ќе се свика ако тоа го побараат со писмено барање на десет претставници на собранието.

Седницата на Собранието од став 1 на овој член ја свикува Управниот одбор на Комората најдоцна триесет дена пред денот на одржувањето на седницата.

Седницата од став 2 на овој член ја свикува Управниот Одбор на комората во рок од 30 дена по поднесувањето на барањето. Доколку Управниот Одбор не ја свика седницата во овој рок седницата задолжително ќе се одржи во рок од 60 дена од денот на поднесеното барање.

Ако Управниот одбор не свика седница на Собранието согласно став 1 и 2 од овој член сите органи на комората освен Собранието се распуштаат, а на наредната седница се бираат нови органи кои ќе работат до истекот на мандатот на собранието на комората.

**Член 18**

Дневниот ред на Собранието го предлага Управниот Одбор, а го усвојува Собранието.

**Член 19**

Претставниците на Собранието се известуваат за закажаната седница на Собранието најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок но не покус од три дена.

**Член 20**

Седницата на Собранието се одржува ако на неа присуствуваат мнозинството од вкупниот број на претставници на Собранието, а

одлуките се донесуваат ако за нив гласале мнозинството од присутните претставници на Собранието.

**Член 21**

Собранието:

- го донесува Статутот на Комората;
- ја донесува годишната програма за работа на комората
- го усвојува Деловникот за работа на Собранието;
- го избира Управниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателот на  комората;
- го усвојува извештајот за работа на Управниот и Надзорниот одбор;
- го усвојува извештајот за работа на стручните служби;
- расправа за прашања од интерес за стопанството и донесува одлуки во врска со тоа;
- ја контролира и ја насочува работата на Управниот одбор;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на: Управниот одбор, Надзорниот одбор, ;
- го разрешува Управниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателотна комората ако констатира дека истите го кршат Уставот, законите и другите прописи, Статутот и другите акти на Комората;
- ја разгледува завршната сметка на Комората
- ја утврдува основицата и стапката на членарината и коморскиот уписен влог во комората на предлог на Управниот одбор
- го утврдува финансовиот план на Комората.
- Врши и други работи утврдени со статут или општ акт на комората

За вршење на одредени работи од својот делокруг, Собранието може да формира постојани и повремени работни тела.

**2. Управен одбор**

**Член 22**

Управниот одбор е раководен орган на Комората и извршен орган на Собранието. Управниот одбор го сочинуваат најмалку 11 членови кои со одлука ги избира Собранието на начин утврден со Деловникот за работа на Собранието . Бројот на членови на Управниот одбор ќе биде во зависност од бројот на членовите на комората и ќе биде утврден со посебен акт на Собранието на комората.

**Член 23**

Претседателот на комората е претседател и на  Управниот одбор.

**Член 24**

Управниот одбор работи на седници кои се одржуваат по потреба. Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на комората

**Член 25**

Седници на Управниот одбор свикува Претседателот на Управниот одбор и раководи со нив.

Седница на управниот одбор може да се свика и по барање на 1/3 од неговите членови.

Во случај на спреченост на Претседателот на Управниот одбор, седница свикува и со неа раководи неговиот заменик.

**Член 26**

Управниот одбор:

- формира постојани и повремени комисии и тела и ги именува нивните членови, според потребите на Управниот Одбор;
- ги извршува актите на Собранието на комората;
- остварува соработка со институциите на државата, како и соработка со здруженија и организации;
- остварува соработка со разни асоцијации на други држави и меѓународни институции;
- по предлог на Претседателот на комората избира потпретседател на комората и Генерален секретар;
- разгледува предлози, ги проучува и по нив зазема став или донесува одлуки што се од интерес за стопанството, односно комората;
- го усвојува извештајот за работа на претседателот на комората;
- соработува во подготовките на прописите што се однесуваат на работата на стопанството;
- ја следи состојбата во стопанството и дава препораки и мислење за поуспешно извршување на истата;
- донесува Правилник за систематизација на работните места во стручните служби;
- одлучува во втор степен за сите права од работен однос за вработените во стручната служба;
- управува со средствата на Комората и поднесува извештај
- ја предлага завршната сметка;
- дава предлог за висината на коморската членарина и коморскиот уписен влог;
- одлучува по жалби против на одлуките на Комисијата за прием, упис и бришење на членовите на комората
- донесува други документи предвидени со овој Статут И другите акти на комората

- се грижи за заштита на членовите на комората пред надлежни органи и институции;
- поведува постапки за заштита на интересите на членовите на комората;
- разгледува разни проблематики и потикнува за воведување на техички-технолошки унапредувања
- ја следи работата на стручните служби и им дава насоки во работењето и превзема мерки на нивно унапредување и развивање;
- делегира претставници на комората во разни други здруженија, организации и асоцијации;
- донесува деловник  за работа на Управниот одбор;
- утврдува ставови и ги застапува интерсите  на членови на комората;
- следи и превзема мерки за изградба и развој на  унапредување на современи методи во работата на комората;
- врши и други работи кои со овој Статут не се во надлежност на друг орган.

За вршење на одредени работи од својот делокруг, Управниот одбор формира постојани и повремени работни тела.

За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на комората.

**3.Надзорен одбор**

**Член 27**

Надзорниот одбор брои најмалку 2 члена кои со одлука ги избира Собранието. Бројот на членови на Управниот одбор ќе биде во зависност од бројот на членовите на комората и ќе биде утврден со посебен акт на Собранието на комората. Секој член може да има свој заменик, кој присуствува на работата на Надзорниот одбор во случај на спреченост на членот кого го заменува.

Надзорниот одбор работи на седници кои се одржуваат по потреба. Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор.

Членовите на надзорниот одбор се избираат за време од четири години со можност за повторен реизбор.

**Член 28**

Надзорниот одбор:

- врши контрола на финансиското и материјалното работење на Комората;
- ја разгледува завршната сметка на Комората и дава мислење до Собранието.
- врши надзор над спроведувањето на Статутот на комората и другите акти,

- врши надзор над оствурувањето на правата И извршувањето на обврските на членовите на комората
- други работи кои ќе му ги додели Собранието на комората

За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на комората.

**4.Претседател на комората**

**Член 29**

Претседател на Управниот одбор на комората е Претседател на комората. За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Управниот одбор.

Мандатот на Претседателот трае четри години со можност на повторен избор.

Претседателот на комората го избира Собранието на комората од членовите на Управниот одбор.

**Член 30**

Претедателот на комората:

- Ги свикува седниците на Управниот одбор и заседава со нив;
- ја претставува и застапува комората;
- Ја спроведува програмата на комората и е грижи за нејзино спроведување;
- Ги потпишува и спроведува заклучоците на Собранието и органите на Собранието;
- Ги потпишува и спроведува заклучоците на Собранието и органите на Собранието;
- Го предлага потпретседателот на комората и генералниот секретар;
- Учетвува и ја организира работата во работата на Управниот Одбор
- Одговара за законитост за својата работа;
- Самостојно располага со средства на Собранието до висина до 100.000,00 денари;
- Врши и други работи кои му се доверни;

**5.Потпретседател на комората**

**Член 31**

Потпретседателот на комората го избира Управниот одбор на комората.

Потпретседателот на комората се бира за време од четири години со право на повторен избор.

**Член 32**

Потпретседателот на комората му помага на претседателот на комората во вршење на неговата функција и во случај на спреченост на претседателот истиот го заменува.

Потпретседателот на комората врши и други работи кои му се доверни од Претседателот или со некој акт на комората.

### 6. Генералниот секретар

**Член 33**

Генералниот секретар го избира Управниот одбор.

Генералниот секретар се бира за време од четири години со право на повторен избор.

**Член 34**

Генералниот секретар:

- му помага на претседателот и потпретседателот на комората во вршење на нивните функција
- ја организира административната дејност на коморите
- организира исполнување на одлуките на управниот одбор на коморите
- врши и други работи кои му се доверни од Претседателот или со некој акт на комората.

### СТРУЧНИ СЛУЖБИ

**Член 35**

Стручните, помошните и административните работи за потребите на комората ги извршуваат стручните служби на Комората.

Секоја стручна служба која работи во рамките на Комората донесува свои деловник за работа и се придржува кон истиот.

Секоја стручна служба за својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на комората.

**Член 36**

Со секоја стручна служба раководи раководител, кои за својата работа одговра пред Управниот одбор.

Раководителите на стручните служби учествуваат во работата на органите и телата на Комората и даваат свое мислење, без право на глас.

**Член 37**

Систематизацијата на работните места, бројот на работниците, нивните права и обврски, платите и другите надоместоци се уредуваат со Правилник, кој го донесува собранието на предлог на Управниот одбор на Комората.

**Член 38**

Стручните служби на комората подготвуваат информации, анализи, нацрти на општи и други акти за потребите на комората, иницира предлози за донесување и подготвува мислење по предлози на разни прописи од областа на стопанството и други работи предвидени со некој акт на комората.

Стручните служби на Комората обезбедуваат деловни информации, податоци, стручни совети, анализи,сугестии и сл. со кои се овозможува успешно работење на членовите на комората.

Во извршувањето на своите задачи стручните служби соработуваат со членовите на комората и со разни научни, стручни и други организации и асоцијации.

## ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНО ДОНЕСУВАЊЕ

**Член 39**

Општи акти на Комората се:

- Статут на Комората;
- Деловници за работа на органи и тела на Комората;
- Правилници;
- Одлуки и други акти кои имаат карактер на општи акти.

**Член 40**

Актите на Комората мора да бидат во согласност со Уставот, Законот за стопанската комора и другите закони.

**Член 41**

Актите кои ги донесува Собранието не можат да се пренесат во надлежност на другите органи на Комората.

**Член 42**

Статутот го донесува Собранието на Комората со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

**Член 43**

Уравниот одбор ги донесува Правилникот за минимално хигиенско-технички услови, правилници кои уредуваат одредени области, одлуки и други акти кои по својата природа се општи акти.

**Член 44**

Органите и телата на Комората донесуваат Деловници за својата работа.

**Член 45**

Иницијатива за донесување на Статут, измена и дополнување, може да покрене секој член на Комората,

Иницијативата од ст.1 на овој член се доставува до Управниот одбор.

**Член 46**

Предлог за донесување на Статут предлог за нивна измена и дополнување поднесува Управниот одбор.

**Член 47**

Пред поднесување на предлогот од член 43, Управниот одбор го доставува истиот на службите кои се должни своите забелешки да ги достават во рок од 30 дена.

По истекот на рокот од став 1, Управниот одбор го утврдува конечниот текст на предлогот и го доставува на Собранието, најмалку 15 дена пред неговото одржување.

**Член 48**

Управниот одбор општите акти ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 49**

Постапка за донесување, измена или дополнување на општ акт, чие донесување е во надлежност на Управниот одбор, може да поведат Комисиите на Управниот одбор, секој претставик или член на комората.

Постапката од ст.1 на овој член се поведува со поднесување предлог во писмена форма.

Управниот одбор е должен да го разгледа предлогот и по истиот да донесе одлука.

Примерок од одлуката од ст.3 на овој член, Управниот одбор му доставува на предлагачот.

**Член 50**

Одлуките на органите и телата на комората се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на присутните членови на органите односно телото.

## ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ

**Член 51**

Членовите на комората во рамките на комората можат да одлучат и да дејствуваат преку посебни организациони облици, заради поуспешно и поефикасно остврување на своите специфични заеднички интереси.

Одлуката за здружување во посебни организациони облицисе донесува по претходно добиено мислење од Собранието на комората.

Средствата за работењето на посебни организациони облици ги обезбедуваат членовите кои во нив се здружиле.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ДЕЛУВАЊЕ И ЗДРУЖУВАЊЕ

**Член 52**

Комората може со одлука на Собранието на комората да одлучи да основа и територјални единици за остварување на своите цели и задачи како територјално организирање на членовите на Комората.

Поврзување на членките на Комората по дејности ќе се врши и на ниво на територјални единици – во групи кои се основани во зависност од бројот, структурата и интересите на стопанските субјекти во даден регион.

Собранието со посебен акт ќе го утврди начинот на основање и работење на своите територјални единици.

## СУД НА ЧЕСТА

**Член 53**

Во рамките на комората собранието со посебен акт ќе формира посебен орган-Суд на честа како независен орган кој ќе се грижи за развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи и деловниот морал како и заштита на истите. Истовремено Судот на Честа ќе одлучува и за неизвршување на обврските на членовите на комората, како и за други повреди на актите на комората за чии повреди може да се изречат мерки во согласност со рамките на актите на комората, како и повреди на добрите деловни обичаи односно правилата на деловната етика.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

**Член 54**

Комората се финансира од:

- комороска членарина;
- коморски уписен влог;
- подароци и фондации;
- надомест за услуги кои ги пружа комората
- други приходи во согласност со законот, статутоти другите општи акти кои ги донесува комората.

**Член 55**

Членовите се должни да плаќаат коморска членарина.

Висината на коморската членарината ја предлага Управниот одбор, а ја утврдува Собранието на комората

Коморската членарина се плаќа тромесечно.

**Член 56**

Коморски уписен влог се плаќа по упис на членот во комората.

Висината на коморскиот уписен влог ја предлага Управниот одбор, а ја утврдува Собранието на комората

**Член 57**

Со средствата на Комората располага Управниот одбор, со одлуки што се извршуваат од страна на овластени потписници, а врз основа на овој Статут и законот.

## НАЧИНИ И УСЛОВИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 58**

Единици на комората се формираат по предлог на Управниот одбор.

Секоја комисија, секција или одбор има свој координатор кој има право да организира и спроведува активности согласно Овој статут и одлуките на комората.

## ПРЕСТАНОК НА КОМОРАТА

**Член 59**

Комората ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Собранието, ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање, ако настанат причини утврдени со Законот.

Одлука за престанок на здружението донесува Собранието со 2/3 мнозинство од членовите на комората.

**Член 60**

По престанок на работата на здружението имото и другите права и приходи што остануваат по намирување на обврските преминуваат во сопственост на основачите на комората

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 61**

Сите општи акти на Комората ќе се донесат и усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 120 дена од денот на неговото влегување во сила.

**Член 62**

Овој Статут е донесен на ден 14.07.2004 и влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Претседател:**
Владимир Тодоровиќ

______________